РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2235/6
30-01-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 99-та седница одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2235/1 од 12.04.2023 година, оформен по барање за информирање за исход од предистражна постапка, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во случајот од причина што постапува надлежен орган.

Предметот со број 12-2235/1 од 12.04.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 12.04.2023 година, поднесена е пријава/ барање за информирање за исход од предистражна постапка и оформен е предмет број 12-2235/1 од 12.04.2023 година.

Од страна на подносителите се бара информација од ДКСК за исходот од поведена предистражна постапка против осомничениот -------------------------- од ------------- за незаконска приватизација на ----------- спротивно од Законот за здруженија. Во продолжение се наведува дека за овој случај бил отворен предмет во поранешното СЈО под број --------------------------- год, а вработените во здужението давале искази во 2017 и 2021 година. Исто така, се наведува дека откако е преземен предметот од СЈО од страна на јавното обвинителство не се постапува по истиот иако се собрани сите докази и земени се искази.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Од страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија е доставена информација дека во врска предметот оформен против ------------------------ од --------- (------------------------) истиот е заведен во уписник на ОЈО ГОКК под број ----------- и истиот е на постапување кај надлежен обвинител.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека во случајот постапува надлежен орган поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:

- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.

Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk